20262704869

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 18 став 2 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и 212/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 17 ноември 2026 година, донесе

ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КЛАСИФИКАЦИЈАТА НА ПРОИЗВОДИ ПО ДЕЈНОСТИ, КПД 2025

Член 1

Со оваа одлука се утврдува Класификацијата на производи по дејности, КПД 2025, со стандардни шифри и називи на производите по дејности, групирани на ниво на сектори, оддели, групи, класи, категории и поткатегории.

Класификацијата на производи по дејности, КПД 2025 е заснована на статистичката класификација на Европската унија - Classification of products by activity - CPA.

Класификацијата на производи по дејности, КПД 2025 е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 2

Класификацијата на производи по дејности, КПД 2025 е основа за подготовка на производните класификации кои се користат во текот на прибирањето, обработката, анализата и публикувањето на статистичките податоци.

Член 3

Во Класификацијата на производи по дејности, КПД 2025, производите се групирани во следните нивоа, според наведените ознаки:

1. сектор - се означува со две букви;
2. оддел - се означува со двоцифрена шифра;
3. група - се означува со трицифрена шифра;
4. класа - се означува со четирицифрена шифра;
5. категорија - се означува со петцифрена шифра и
6. поткатегорија - се означува со шестцифрена шифра.

Член 4

Описите на секторите, одделите, групите, класите, категориите и поткатегориите на Класификацијата на производи по дејности, КПД 2025, како и конверзионите табели, се подготвуваат од страна на Државниот завод за статистика.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на Класификацијата на производи по дејности, КПД 2015 („Службен весник на Република Македонија“ бр.126/15).

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Димовски, с.р.

Бр. 57-6826/14
17 ноември 2026 година
Скопје